ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 48 ДАТА 29.11.2017 ГОДИНА 35

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 48 ДАТА 29.11.2017 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБРИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА МЛАДИНСКИ ФУДБАЛ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА МАЛ ФУДБАЛ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО

### Седница од 14.11.2017 година

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ДАРДАНЕТ„ Тетово: Нецбедин Б. Амзи, Шабани Д. Ледион и Усеини Ш. Арбен, по член 35/1.

ФК „КАМЈАНИ„ с. Камењане: Абдиовски Рејхан, по член 35/1.

### Седнинца од 28.11.2017 година

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКЕНДИЈА АД„ Тетово: Реџепи Милот, Јакупи Љаурат, Рамадани Аффан, Есати Басит, Салији Реџеп, Амети Енсар и Асани Онур, по член 35/1.
Рамадани Суфјан од ФК „Вардар АД„ од Скопје, по член 36/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ

### Седница од 27.11.2017 година

- **Регистрација на фудбалери:**

КМФ „ТОРПЕДО„ Кочани: Живков К. Ардијан, по член 35/1.
Данец С. Игорчо од КМФ „Бели„ од Кочани, по член 35/4.

КМФ „РУДНИК САСА„ Македонска Каменица: Мирчевски В. Кристијан, Велиновски З. Марјанчо, Стојановски С. Симон, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

### Седница од 28.11.2017 година

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „АЛБИОН„ Скопје: Ендрит К. Исени, Бесник И. Шабани, Белмин М. Шаќировиќ, Костовски С. Михаил, Борис Ѓ. Караѓоргов, Семи И. Еминовски, Ќириќ И. Ненад, Љамалари Х. Сокол, по член 35/1.

ФК „ДРИМ ТИМ„ Скопје: Иснеовски Е. Алтин, Рамадановски С. Азис, Дурмиши Ф. Амар, Јахи Е. Омер, Рахман Ш. Онур, Идризи Ј. Фехим, Рамадани И. Аљбин, Ферати Р. Анит, Куртиши М. Ендрит и Рамадановски С. Емир, по член 35/1.

ФК „ЧАИР А. М.„ Скопје: Сухејб Џ. Селмани, Ислами Н. Алтин, Унејс А. Селмани, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

### Седница одржана на ден 28.11.2017 година

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РАБОТНИЧКИ АД„ Скопје: Тодоровски Р. Борјан, по член 35/1.

ФК „МЕТАЛУРГ АД„ Скопје: Весели И. Шани од ФК „Шкупи 1927„ АД„ од Скопје, по член 35/2.

ФК „СКУПИ ПРОМОФООТ„ Скопје: Нуредини С. Анес, Сејфулау Р. Валон, Мурат Х. Бедир, Хаџиќ С. Анес, Хаџиќ С. Енес, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ
**Седница од 28.11.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ГФК „ТИКВЕШ 1930„ Кавадарци: Мустачи С. Христијан, по член 35/1.
Ташев Д. Илија од ФК „Тиквеш 2014„ од Кавадарци, по член 35/4.
Најдовкси В. Трајче од ФК „Тиквеш 1930„ од Кавадарци, по член 35/2.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП
**Седница од 28.11.2017 година**

- **Регисатрација на фудбалери:**

ФК „ИЛИНДЕН„ С. Долнени: Имероски Д. Фахрудин од ФК „Гарван„ с. Долнени, по член 35/2.
ФК „ПРОЛЕТЕР„ Прилеп: Османоски Ш. Африн од ФК „Пролетер„ од Прилеп, по член 35/2.
ФК „ЦРВЕНА ЗВЕЗДА„ с. Сенокос: Здравев Ѓ. Душко од ФК „Талент„ од Прилеп, по член 35/2.
ФК „ЛАРИН„ с. Небрегово: Сугарески Д. Горан од Фудбалскиот клуб „Илинден„ од с. Долнени, по член 35/13.
ФК „2015 ВРБЈАНИ„ с. Врбјани: Клапоски Г. Бојан од ФК „Големо Коњари„ од с. Големо Коњари, по член 35/13.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА
**Седница од 22.11.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КОЖУФ„ Гевгелија: Стојанов М. Драган, Демерџиев Џ. Георге и Карамитров А. Ѓорѓе, по член 35/1.
Јанев К. Димитар од ФК „Метлаург АД„ од Скопје, по член 35/13.

Комисија за жалби на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 10 - 2270/2
24.11.2017 год.

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Дејан Николоски - претседавач, Димитар Трајчевски - зам.претседавач, Сандра Михајловски – член, Сабри Алими – член, постапувајќи по жалбата на Николче Здравески пр.бр. 08-2128/1 од 07.11.2017 година против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 08-2030/1-27 од 27.10.2017 година врз основа на член 145 став 1 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на седницата одржана на ден 24.11.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**1**. **Делумно се усвојува** жалбата бр. 08-2128/1 од 07.11.2017 година година поднесена од Николче Здравески, претставник на младинската екипа на ФК Победа АД Прилеп.

**2**. Одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 08-2030/1-27 од 27.10.2017 со која Николче Здравески, претставник на младинската екипа на ФК Победа, се казнува со дисциплинска мерка вршење било каква дејност поврзана со фудбал во времетраење од 1(една) година, **се менува и гласи**: На Николче Здравески, претставник на младинската екипа на ФК Победа АД Прилеп, му се изрекува дисциплинска мерка забрана на вршење функција - службено лице на клуб, во траење од 6(шест) месеци. Казната тече од 15.10.2017 година.

**3**. Одлуката е конечна.

**4**. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за жалби на седницата одржана на 24.11.2017 година постапуваше по жалбата на Николче Здравески, претставник на младинската екипа на ФК Победа АД Прилеп. Комисијата го ценеше мислењето на Дисциплинската комисија во делот на благовременост и таксираност на изјавената жалба и констатира дека жалбата е благовремена и таксирана.

Комисијата за жалби на ФФМ ги разгледа жалбените наводи и утврди дека подносителот, жалбата ја поднесува по одлука на Дисциплинската комисија на ФФМ број 08-2030/1-27 од 27.10.2017 со која Николче Здравески, претставник на младинската екипа на ФК Победа, се казнува со дисциплинска мерка вршење било каква дејност поврзана со фудбал во времетраење од 1(една) година. Мерката е изречена поради неспортско однесување и повлекување на младинската екипа на натпреварот од 6 коло помеѓу ФК Македонија ЃП и ФК Победа игран на ден 14.10.2017 година во рамките на младинската супер лига.

Во жалбените наводи подносителот се повикува на текот и на судењето на натпреварот, кое по него било срамно и спротивно на правилата и и придонело да се појави изразен револт кај фудбалерите на младинската екипа на клубот и кај него самиот по што заклучил дека нема основни услови за доигрување на натпреварот и бил принуден да ја повлече екипата.

Жалителот се кае за стореното и наведува дека вака изречената дисциплинска мерка има директно влијание на неговата егзистенција. Жалителот смета дека фактичката состојба не е земена во предвид при изрекување на дисциплинската мерка и од тие причини му е изречена несоодветна дисциплинска мерка и истата бара да се преиначи односно поништи.

Комисијата во постапка ги зема во предвид материјалните докази достапни на комисијата од постапката водена пред првостепениот орган меѓу кои:

- записник од натпреварот помеѓу ФК Македонија Ѓ́П 1932 АД – ФК Победа АД - категорија младинци одигран на ден 14.10.2017 година во Скопје;
- одлука за поведување на дисциплинска постапка бр. 08-1994/1-23 од 19.10.2017 година и барање на изјава од Николче Здравески;
- одлука бр. 08-2030/1-27 од Дисциплинската комисија на ФФМ
- потврда за уплатена такса по жалба;
- мислење од Дисциплинската комисија на ФФМ.

По разгледување на жалбените наводи и материјалните докази Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 14.10.2017 година во рамките на младинската супер лига се играл натпреварот: ФК Македонија Ѓ́П 1932 АД – ФК Победа АД. Истиот ден одигран е и натпревар во кадетска кокуренција.

При резултат 2:1 за домашната екипа и според наводите на жалителот недосуден фаул во корист на гостинската екипа , во 80-та минута од натпреварот бил постигнат гол од страна на домашната екипа. По погодокот незадоволни од судиската одлука за по нив недосудениот фаул кој влијаел на резултатот на натпреварот , жалителот ја повлекол екипата и натпреварот бил прекинат.

По утврдување на фактичката состојба, Комисијата констатира дека првостепениот орган правилно проценил кога ја утврдил одговорноста на жалителот за сторениот прекршок во функција на службено лице на клубот. Одлуките кои судиите ги носат за време на еден натпревар не подлежат на приговори ниту од страна на учесниците во играта ниту од страна на службените лица на клубовите. Приговор во врска со судењето на натпреварот може да се поднесе до надлежно тело за анализа на судењето за што истото се произнесува преку преиспитување на дадената оцена.

Комисијата констатира дека првостепениот орган изречената мерка ја донел врз основа на член 56 од ДП на ФФМ .

Комисијата при носење на одлуката имаше во предвид дека жалителот во времето на сторување на прекршокот имал функција службено лице на клубот како и дека истиот професионално работи во клубот од што зависи и неговата егзистенција.

Комисијата земајќи ги во предвид сите околности од член 3 на ДП на ФФМ како и фактот дека подносителот се покајал за стореното, сметаше дека целта на мерката за превентивно и воспитно делување и вака изречена ќе биде исполнета па врз основа на погоренаведеното донесе одлука како во диспозитивот.

доставено до:
- подносителот
- Макфудбал
- архива на ФФМ

Комисија за жалби на ФФМ
Претседавач,
Дејан Николоски

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA ФФМ SKOPJE СКОПЈЕ

Комисија за жалби на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 10 - 2270/3
24.11.2017 год.

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Дејан Николоски - претседавач, Димитар Трајчевски - зам.претседавач, Сандра Михајловски – член, Сабри Алими – член, постапувајќи по жалбата на Марјанчо Андревски, тренер на пионерската екипа на ФК Работнички АД пр.бр. 10-2175/1 од 10.11.2017 година против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 08-2105/1-24 од 03.11.2017 година врз основа на член 145 став 1 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на седницата одржана на ден 24.11.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**1**. **Делумно се усвојува** жалбата бр. 10-2175/1 од 10.11.2017 година година поднесена од Марјанчо Андрески, тренер на пионерската екипа на ФК Работнички АД.

**2**. Одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 08-2105/1-24 од 03.11.2017 со која Марјанчо Андревски, тренер на пионерската екипа на ФК Работнички АД, се казнува со дисциплинска мерка вршење било каква дејност поврзана со фудбал во времетраење од 1(една) година, **се менува и гласи**: На Марјанчо Андрески, тренер на пионерската екипа на ФК Работнички АД, му се изрекува дисциплинска мерка забрана на вршење функција - службено лице на клуб, во траење од 6(шест) месеци. Казната тече од 15.10.2017 година.

**3**. Одлуката е конечна.

**4**. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за жалби на седницата одржана на 24.11.2017 година постапуваше по жалбата на Марјанчо Андрески, тренер на пионерската екипа на ФК Работнички АД Скопје. Комисијата утврди дека жалбата е уредно таксирана и благовремена за што се произнесе првостепениот орган со мислење до оваа Комисија.

Комисијата ги разгледа жалбените наводи и утврди дека подносителот, жалбата ја поднесува по одлука на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 08-2105/1-24 од 03.11.2017 со која Марјанчо Андревски, тренер на пионерската екипа на ФК Работнички АД, се казнува со дисциплинска мерка вршење било каква дејност поврзана со фудбал во времетраење од 1(една) година. Мерката е изречена поради неспортско однесување и повлекување на пионерската екипа на натпреварот од 8 коло помеѓу ФК Победа АД и ФК Работнички АД,игран на ден 21.10.2017 година во рамките на пионерската супер лига.

Во жалбените наводи подносителот се повикува на неправилно утврдена фактичка состојба. Имено првостепениот орган не ги земал во предвид сите факти,не го земал во предвид нееднаквиот третман према двете екипи од страна на судиите за што сведочи исклучувањето само на играчот со бр.16 на пионерската екипа на ФК Работнички АД во ситуација кога имло удирање и од страна на противничкиот играч; тенденциозното судење за времетраењето на натпреварот резултирало со лоша и тензична ситуација на теренот и надвор од теренот. Заради смирување на настанатата тензична ситуација во критичниот момент од натпреварот жалителот наведува дека времено ја повлекол екипата по што дошло до прекин на натпреварот. Жалителот наведува дека судиите без да означат крај го напуштиле теренот па наведува дека со сигурност не може да се утврди од кои причини е прекинат натпреварот односно дали таа одлука е донесена како резултат на одлука на судиите и делегатот или поради повлекување на екипата.

Жалителот наведува дека неговото постапување било со цел да се заштитат играчите од некоректниот однос на домашната екипа, гледачите и службените лица на натпреварот. Жалителот наведува дека до сега не бил казнуван ниту е водена слична постапка против него како и дека се кае за неговата постапка и од тие причини бара да се уважи жалбата делумно или во целост а изречената дисциплинска мерка да се преиначи.

Комисијата во постапка ги зема во предвид материјалните докази достапни на комисијата од постапката водена пред првостепениот орган меѓу кои:

- записник од натпреварот помеѓуФК Победа АД - ФК Работнички АД, категорија пионери одигран на ден 21.10.2017 година во Скопје;
- одлука за поведување на дисциплинска постапка бр. 08-2030/1-37 од 27.10.2017 година и барање на изјава;
- одлука на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 08-2105/1-24 од 03.11.2017 ;
- изјава од Блаже Јанакиевски, тренер на пом.пионери на ФК Работнички АД Скопје дадена по електронски пат преку електронската адреса на Секретарот на млади категории во клубот ;
- изјава од Марјанчо Андрески, тренер на пом.пионери на ФК Работнички АД Скопје, дадена по електронски пат преку електронската адреса на Секретарот на млади категории во клубот ;
- дополнителна изјава на делегатот на натпреварот;
- потврда за уплатена такса по жалба;
- мислење од Дисциплинската комисија на ФФМ,

По разгледување на жалбените наводи и материјалните докази Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 21.10.2017 година во Прилеп во рамките на пионерската супер лига се играл натпреварот: ФК Победа АД – ФК Работнички АД. Во 74-тата минута од натпреварот, тренерот на гостинската екипа незадоволен од судењето и судиската одлука за доделување на црвен

картон само на фудбалерот со бр.16 на ФК Работнички во ситуација кога според жалбените наводи требало да биде исклучен и фудбалер на домашната екипа кој учествувал во физичката пресметка, ја повлекол екипата од теренот, по што натпреварот бил прекинат и судиите го напуштиле теренот.

Комисијата констатира дека на записникот од натпреварот како тренер на екипата на ФК Работнички АД- пионери фигурира лицето Јанакиевски Блаже како и дека дисциплинската постапка била поведена против Јанакиевски Блаже. Во текот на постапката врз основа на изјавите на Јанакиевски Блаже и Андрески Марјанчо како и изјавите на службените лица, делегатот-контролор и судиската тројка , првостепениот орган утврдил дека се работи за техничка грешка во записникот, постапката против Јанакиевски Блаже ја сопрела и повела постапка против сега жалителот. За оваа Комисија функцијата на жалителот на овој натпревар е неспорна, дотолку повеќе што истата не е предмет на жалбените наводи.

По утврдување на фактичката состојба, ценејќи ги жалбените наводи, Комисијата констатира дека првостепениот орган правилно проценил кога ја утврдил одговорноста на жалителот за сторениот прекршок. За времетраење на играта, учесниците во играта, излегуваат од теренот само со дозвола и на знак на главниот судија. Излегувањето од терен без дозвола на главниот судија претставува прекршување на правилата и напуштање на теренот. Одлуките кои судиите ги носат за време на еден натпревар не подлежат на приговори ниту од страна на учесниците во играта ниту од страна на службените лица на клубовите. Приговор во врска со судењето на натпреварот може да се поднесе до надлежно тело за анализа на судењето за што истото се произнесува преку преиспитување на дадената оцена.

Комисијата констатира дека првостепениот орган изречената мерка ја донел врз основа на член 56 од ДП на ФФМ .

Комисијата при носење на одлуката имаше во предвид дека жалителот во времето на сторување на прекршокот бил во функција на службено лице на клубот.

Комисијата ги зема во предвид околностите од член 3 на ДП на ФФМ, жалителот досега бил неказнуван ниту била покрената постапка за слично дело, како и фактот дека се покајал за стореното, сметаше дека целта на мерката за превентивно и воспитно делување и вака изречена ќе биде исполнета па врз основа на погоренаведеното донесе одлука како во диспозитивот.

доставено до:
- подносителот
- Макфудбал
- архива на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA ФФМ SKOPJE СКОПЈЕ

Комисија за жалби на ФФМ
Претседавач,
Дејан Николоски

Комисија за натпревари на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 19-1913/4
10.10. 2017 год.

Комисијата за натпревари на ФФМ во состав: Џонов Димитар – претседавач, Васко Дојчиновски- зам.претседавач, Ачовски Дејан –член, Михајловски Зоран – член, Блажовски Драган-член и Гоце Цветановски – член , врз основа на член 117 став 1 ал.1 и член 64 став 3 од Правилникот за натпревари на ФФМ; член 20 став 3 од Пропозициите за натпреварување на Втора МФЛ Исток и Запад, а во врска со член 100 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, на седницата одржана на ден 10.10.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојува жалбата на Фудбалски клуб Кожув од Гевгелија бр. 52/2 од 08.10.2017 година, во врска со натпреварот ФК Кожув Гевгелија- ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци, одигран во Гевгелија на ден 07.10.2017 година во рамките на 7 коло на Втора МФЛ Исток во натпреварувачката 2017/18 година.

2. Натпреварот ФК Кожув Гевгелија- ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци, одигран во Гевгелија на ден 07.10.2017 година во рамките на 7 коло на Втора МФЛ Исток се регистрира со службен резултат 3:0 во корист на ФК Кожув Гевгелија.

3. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за натпревари на ФФМ на седницата одржана на 10.10.2017 година ја разгледа жалбата поднесена од ФК Кожув Гевгелија а во врска со натпреварот ФК Кожув Гевгелија- ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци, одигран во Гевгелија на ден 07.10.2017 година.

Комисијата констатира дека жалбата е таксирана и уредно најавена и поднесена во рокот предвиден со одредбите на Пропозициите за натпреварување на Втора МФЛ Исток.

Подносителот во жалбените наводи се повикува на прекршување на одредбите на член 20 став 3 од Пропозициите за натпреварување на Втора МФЛ Исток и Запад кој предвидува „Сите клубови учесници во натпреварувањето во вторите лиги првото полувреме мора да го започнат и да го завршат со два фудбалери од кои едниот фудбалер да нема навршено 21 година а другиот да нема навршено 19 години . Подносителот во жалбата наведува дека фудбалерот Симјановски Мирко со ИД бр. 101279 бил заменет во 44-та минута од натпреварот со фудбалерот Митев Роберт ИД бр. 104187 поради што ФК Тиквеш, првото

полувреме не го завршил со два млади фудбалери од кои едниот нема навршено 21 година а другиот нема навршено 19 години. Од тие причини подносителот согласно член 100 од Правилникот за натпревари бара од Комисијата, натпреварот да го регистрира со службен резултат 3:0 во негова корист.

Комисијата за натпревари по разгледување на жалбените наводи и документацијата во прилог, изврши увид во записникот од натпреварот ФК Кожув Гевгелија- ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци, одигран во Гевгелија на ден 07.10.2017 година како и во Комет системот на ФФМ и ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 07.10.2017 година во рамките на 7 коло на Втора МФЛ Исток во Гевгелија одигран е натпреварот ФК Кожув Гевгелија- ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци. Натпреварот започнал со утврдениот број на млади фудбалери согласно член 20 на Пропозициите на Втора МФЛ и за ГФК Тиквеш од Кавадарци натпреварот го започнале два млади фудбалери и тоа Симјановски Мирко со ИД бр. 101279 и Ѓорѓиев Игор со ИД бр. 101844. Во 44 минута од натпреварот направена е измена и од игра излегол фудбалерот Симјановски Мирко а на негово место влегол фудбалерот Митев Роберт со ИД бр. 104187 за кој Комисијата констатира дека не бил млад фудбалер. ГФК Тиквеш го завршил првото полувреме при резултат 0:1 со 1 млад фудбалер. Натпреварот завршил со нерешен резултат 1:1.

Врз основа на утврдената фактичка состојба, согласно член 64 став 3 од Правилникот за натпревари на ФФМ; член 20 став 3 од Пропозициите за натпреварување на Втора МФЛ Исток и Запад, а во врска со член 100 став 1 точка 10 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, Комисијата за натпревари на ФФМ донесе одлука каково диспозитивот.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на оваа одлука со уплата на такса во висина од 12000,00 денари за правно лице на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата.

Комисија за натпревари
Претседавач,
Џонов Димитар

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА • FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA • ФФМ • SKOPJE • СКОПЈЕ

доставено до:
- ФК Кожув Гевгелија
- ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци
- макфудбал
- архива на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 15-2233/1

Втора МФЛ: 2017 - 2018

Скопје: 21.11.2017 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 21.11.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ЗФК НОВАЦИ 2005 - Новаци се казнува со автоматска парична казна од 50.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 13 коло на Втора МФЛ ЗАПАД 17/18 помеѓу, ФК СТРУГА-ТРИМ-ЛУМ - ЗФК НОВАЦИ 2005, ја констатира следната фактичка состојба: Христијан Атанасовски со ИД 102177 фудбалер на е исклучен од игра за два жолти картони (прв во 51. мин, Недозволен старт, а вториот во 69. мин, Недозволен старт).во рамките на 13 коло Втора МФЛ Запад на натпреварот ФК Струга Трим Лум-ЗФК Новаци 2005 одигран на 18.11.2017 во Струга.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ЗФК НОВАЦИ 2005 - Новаци
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 15-2234/1

Прва МФЛ: 2017 - 2018

Скопје: 21.11.2017 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 21.11.2017 година донесе:

# О Д Л У К А

1. ФК ПОБЕДА АД - Прилеп се казнува со автоматска парична казна од 200.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 16 коло на Прва МФЛ 17/18 помеѓу, ФК ПОБЕДА АД - ФК СИЛЕКС АД, ја констатира следната фактичка состојба: Јорданчо Наумоски со ИД 105207 фудбалер на ФК Победа-Прилеп е исклучен од игра во 81. мин. Груба игра (употреба на прекумерна сила во старт), Удар на играч без топка во рамките на 16 коло од Прва МФЛ помеѓу ФК Победа АД-ФК Силекс АД одигран во Прилеп на 19.11.2017 година.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК ПОБЕДА АД - Прилеп
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Број: 15-2235/1**

**Втора МФЛ: 2017 - 2018**

**Скопје: 21.11.2017 Година**

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 21.11.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК МАКЕДОНИЈА Ѓ.П 1932 АД - Ѓорче Петров,Скопје се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 13 коло на Втора МФЛ ЗАПАД 17/18 помеѓу, ФК МАКЕДОНИЈА Ѓ.П 1932 АД - ФК ЕУРОМИЛК ГЛ АД, ја констатира следната фактичка состојба: Боби Божиновски со ИД 109372 фудбалер на ФК Македонија ЃП е исклучен од игра во 68. мин.поради Насилничко однесување (удирање свои или противнички играч) во рамките на 13 коло од Втора МФЛ помеѓу ФК Македонија Шп 1932 АД- ФК Еуромилк ГЛ АД одигран на 18.11.2017 година во Скопје..

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК МАКЕДОНИЈА Ѓ.П 1932 АД -
- Ѓорче Петров,Скопје
- Сметководството на ФФМ
  Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Број: 15-2236/1**

**Втора МФЛ: 2017 - 2018**

**Скопје: 21.11.2017 Година**

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 21.11.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК ЕУРОМИЛК ГЛ АД - Горно Лисиче - Скопје се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 13 коло на Втора МФЛ ЗАПАД 17/18 помеѓу, ФК МАКЕДОНИЈА Ѓ.П 1932 АД - ФК ЕУРОМИЛК ГЛ АД, ја констатира следната фактичка состојба: Пандев Ване Кондиционен тренер на Ф.К.Еуромилк Г.Л. АД - Скопје се предава на ДК поради отсранување -добиен црвен картон (во 68 минута поради неспортско однесување ) на натпреварот од 13 коло на Втора МФЛ ,,Запад,, помеѓу ФК Македонија Ѓ.П. 1932 АД –ФК Еуромилк Г.Л. АД одигран во Скопје на 18.11.2017 година.Ф.КЕуромилк Г.Л. АД (Пандев Ване) се казнува со автоматска парична казна од 100 евра во денарска против вредност на денот на уплатата,а кондиционот тренер Пандев Ване се предава на ДК.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК ЕУРОМИЛК ГЛ АД - Горно
- Лисиче - Скопје
- Сметководството на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Број: 15-2237/1**

**Прва МФЛ: 2017 - 2018**

**Скопје: 21.11.2017 Година**

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 21.11.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД - Струмица се казнува со автоматска парична казна од 200.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 16 коло на Прва МФЛ 17/18 помеѓу, ФК АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД - ФК РАБОТНИЧКИ АД, ја констатира следната фактичка состојба: Стојанов Панче (105066) тренер на ФК Академија Пандев АД - Струмица се предава на ДК поради исклучување од Гл.Судија за неспортски однос кон судиите во 90+3 мин на натпреварот од 16 коло Прва МФЛ помеѓу Ф.К.Академија Пандев АД – .Ф.К.Работнички АД одигран на ден 19.11.2017 во Струмица .Ф.К.Академија Пандев АД (Стојанов Панче)се казнува со автоматска парична казна во висина од 200 евра во денарска противвредност на денот на уплатата ,а тренерот Стојановски Панче се предава на ДК.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД -
- Струмица
- Сметководството на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA SKOPJE

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 15-2288/1

Прва МФЛ: 2017 - 2018

Скопје: 28.11.2017 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 28.11.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК СКОПЈЕ АД - Скопје се казнува со автоматска парична казна од 200.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 17 коло на Прва МФЛ 17/18 помеѓу, ФК СКОПЈЕ АД - ФК ПОБЕДА АД, ја констатира следната фактичка состојба: Ужевски Борче со ИД 105051 е исклучен од игра во 7. мин. поради неспортско однесување (плукање, вулгарно однесување, спречување очигледна шанса за гол, навреда) , Спречување очигледна шанса за гол во рамките на 17 коло од Прва МФЛ на натпреварот ФК Скопје АД- ФК Победа АД одигран во Скопје на 26.11.2017 година во Скопје.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК СКОПЈЕ АД - Скопје
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 15-2289/1

Втора МФЛ: 2017 - 2018

Скопје: 28.11.2017 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 28.11.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК ВЕЛАЗЕРИМИ 77 - Кичево се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 14 коло на Втора МФЛ ЗАПАД 17/18 помеѓу, ФК ЕУРОМИЛК ГЛ АД - ФК ВЕЛАЗЕРИМИ 77, ја констатира следната фактичка состојба: Садику Бесник тренер на голмани на ФК Влазерими 77- Кичево се предава на ДК поради исклучување од Гл.Судија за неспортски однос кон пом.судија во 27 мин на натпреварот од 14 коло Втора МФЛ ,,Запад,, помеѓу Ф.К.Еуромилк ГЛ АД – .Ф.К.Влазерими 77 одигран на ден 25.11.2017 во Скопје .Ф.К.Влазерими 77 (Садику Бесник)се казнува со автоматска парична казна во висина од 100 евра во денарска противвредност на денот на уплатата ,а тренерот Садику Бесник се предава на ДК.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК ВЕЛАЗЕРИМИ 77 - Кичево
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 15-2290/1

Втора МФЛ: 2017 - 2018

Скопје: 28.11.2017 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 28.11.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК ПОБЕДА Валандово - Валандово се казнува со автоматска парична казна од 50.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 14 коло на Втора МФЛ ИСТОК 17/18 помеѓу, ФК ПЛАЧКОВИЦА - ФК ПОБЕДА Валандово, ја констатира следната фактичка состојба: Јовановски Јордан со ИД 101273 е исклучен од игра за два жолти картони (прв во 42. мин, поради неспортско однесување, а вториот во 80. мин, Недозволен старт) во рамките на 14 коло од Втора МФЛ Исток помеѓу екипите на ФК Плачковица-ФК Победа Валандово одигран во Радовиш на 25.11.2017 година.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК ПОБЕДА Валандово -
- Валандово
- Сметководството на ФФМ
  Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам.Претседател

Васко Дојчиновски с.р

ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA SKOPJE СКОПЈЕ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 15-2291/1

Втора МФЛ: 2017 - 2018

